СО ПРАВИЛНИК ЌЕ СЕ ИЗБИРА МАКЕДОНСКИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ГОЛЕМАТА МАНИФЕСТАЦИЈА

# В година бесплатно на Венециско биенале

**Претставникот за Биеналето ќе се избира во септември, еден месец пред првиот состанок во Венеција, велат од Министерството за култура**

**ВЕСНА ИВАНОВСКА**

За да се спречи доцнењето на Македонија на Венециското биенале за уметност, Министерството за култура ќе донесе посебен правилник според кој ќе се избира авторот што ќе ја претставува македонската национална ликовна сцена на големата манифестација. Нашата земја постојано доцни со пријавувањата на Биеналето, бидејќи уметникот го избираме дури неколку месеци по одржувањето на првиот состанок во Венеција. Следуваат последиците, поврзани во синџир - набрзина пополнуваме формулари, се пријавуваме, имаме ограничен буџет, бараме простор за излагање на уметничкото дело, простор нема, бараме помош од пријатели. За чудо, последнава деценија секогаш доцневме, но успевавме да доплովиме до Венеција.

По осамостојувањето, институциите и поединците секогаш преку годишната програма за култура го предлагале уметникот што би претставувал Македонија на Биеналето, велат од Министерството за култура. На почетокот било малку сложено додека се фати ритам. Со текот на времето, сите што се заинтересирани да учествуваат на Венециското биенале за уметност ја знаат практиката и без непријатности аплицираат со своите предлози, објаснуваат од Министерството. Бидејќи е биенален настан, манифестацијата се одржува секоја втора (во случајов) непарна година.



**Годинава последен пат Македонија плаќа за изложбен павилјон во Венеција**

### СТАПИЦИ

Проблемите кај нас се предизвикани од неможноста да планираме однапред. Институциите своите предлози мораа да ги предадат во Министерството за култура најдоцна до јули, во минатата година. Комисиите во декември ги избираа проектите кои годинава ќе ги финансира државата. Претставниците на годинашното биенале беа соопштени кон средината на јануари, три месеци откако се одржа првиот состанок во Венеција, на кој присуствуваа куратори, директори, уметници што бараа изложбен простор.

Според Марија Ѓоргова, раководител на Одделението за ликовно творештво и галериска дејност при Министерството за култура, проблем се дупки во Законот за културата.

- Не можеме уметникот да го избираме преку конкурси. Нема законска основа да распишуваме други конкурси, освен тие што се пропишани во Законот за култура - објаснува Ѓоргова.

На прашањето зошто нашиот претставник за Венециското биенале за уметност не се избира една година порано и така да се избегне доцнењето, Ѓоргова вели:

- Повторно поради извесни стапици во Законот. Не може да се потпишуваат договори за проекти што би се реализирале во друга година. Многу е комплицирано. Затоа ќе подготвиме правилник според кој претставникот за Биеналето ќе се избира во септември, еден месец пред првиот состанок во Венеција.

### СКАПА МАНИФЕСТАЦИЈА

Ѓоргова објаснува дека со истиот проблем се соочувале и Словенците. Затоа неодамна донеле правилник според кој го избираат својот национален претставник на манифестацијата.

- Правилникот ќе го подготвуваат искусни луѓе, кои биле и знаат што претставува Венециското биенале за уметност. Во документот ќе бидат дефинирани критериумите, начинот на избор, вредностите на уметничкото дело, актуелноста и слично - вели Ѓоргова.

Годинава двајца уметници ќе ја претставуваат Македонија на Биеналето, Гоце наневски, преку Националната галерија на Македонија и Никола Узуновски преку Музејот на град Скопје. Од градскиот Музеј деновиве чекаат известување од Венеција бидејќи проектот ќе биде поставен надвор. Тимот на Националната галерија неодамна се вратија од Италија, каде заминаа во потрага по изложбена галерија. Директорката на галеријата Маја Кростевска, рече дека ќе сме добиеле бесплатен простор ако сме се појавеле на состанокот во октомври. Сега ќе треба да си ја платиме галеријата.

Според Ѓоргова, тоа немало да ни заштеди многу од буџетот.

- И да излагаме во „Арсенале" на главната изложба ќе ни требаат најмалку 20 илјади евра. Треба да се плати за одржување, за чувари, за хигиеничари. Досега сме добивале бесплатни галерии. Но, 1.000 евра месечно чини ако сакате водич, кој секој ден ќе пречекува луѓе, ќе им го објаснува проектот, ќе им зборува за Македонија. Биеналето е една машинерија во која не може да поминете евтино. Без пари нема ни воздух во Венеција - вели Ѓоргова. ■

ИНФО

## Дупки во Законот за култура

**Македонија постојано доцни со пријавувањата на Венециското биенале** за уметност. Проблем се дупките во Законот за културата. **Министерството за култура ќе донесе посебен правилник според кој ќе се избира авторот** што ќе ја претставува земјава на големата манифестација.

Правилникот ќе го подготвуваат искусни луѓе, кои биле и знаат што претставува Венециското биенале за уметност.

СТАВ



ПИШУВА: *Весна Ивановска*

## Крале Марко во Венеција

Исто како Крале Марко на Косовско Поле, така Македонија веќе 20 години стигнува на Венециското биенале за уметност. Со доцнење. Да се надеваме дека оваа редовна практика веќе не е прерасната во традиција.

Колку време треба да помине за да се сменат некои лоши навики кои, едноставно, не функционираат? Две, дваесет или двесте години?

Има многу причини што оваа појава пуштила толку длабоки корени, но ниту една не е доволно силна за да истрае две децении. Имало законски пречки, се немало добра волја да го реши проблемот и слично.

Позитивни се обидите конечно да се најде решение за оваа нелогична ситуација, откако 20 години создававме многу лоша слика за нас во високиот свет на уметноста.